РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## СООПШТЕНИЕ

### Основан Постојан советодавен форум на регулаторните тела од балканските земји

Ја известуваме јавноста дека Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија заедно со регулаторните тела од Грција (RAE), Бугарија (EWRC), Србија (AERS) и Црна Гора (REGAGEN), на 28.09.2018 година, во Солун, Република Грција, го потпишаа Договорот за основање на Постојан советодавен форум на регулаторните тела од балканските земји.



Целта на основањето на Советодавниот форум е да овозможи поблиска соработка, размена на искуства и знаења, како и можно градење заеднички ставови и позиции на членките за различни регулаторни прашања во доменот на електричната енергија, природниот гас и водните услуги.

Работата на Советодавниот форум особено ќе биде насочена кон развој на стабилна регулаторна и пазарна рамка која ќе овозможи привлекување инвестиции во енергетскиот и водниот сектор, со што ќе им се овозможи на потрошувачите да се стекнат со сигурно, одржливо, конкурентно и достапно снабдување со електрична енергија, природен гас и вода како суштински предуслов за економскиот развој и социјалната сигурност, потоа оптимизација на искористување на интерконективните врски и диверзификација на изворите на енергија, поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари на регионално и европско ниво, промовирање на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливите извори на енергија, како и промовирање на хармонизирани, транспарентни и недискриминаторни правила кои ќе овозможат побрза интеграција на регионалните пазари.

Со Договорот за основање се овозможува и другите регулаторни тела од регионот да пристапат кон овој Советодавен форум, со што соработката и исполнувањето на заедничките приоритети ќе биде засилено.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА